// Службен гласник

на Општина Валандово

Број 9 | 24 Септември 2020 година, понеделник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

1. **Решение** за разрешување на Директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово .... 2
2. **Решение** за именување вршител на должноста Директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово ........................................................ 2

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2020/2021 година .... 2
2. **Одлука** за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2020/2021 година .......................................... 3
3. **Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година ......................................... 3
4. **Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година .. 3
5. **Решение** за објавување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Валандово во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги МСИП 03/2020 ......................... 3
6. **Одлука** за домашно долгорочно задолжување на Општина Валандово во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги МСИП 03/2020 4
7. **Решение** за објавување на Одлуката за неодржување на традиционалната културна манифестација „Валандовска ракијада“ 2020 година ........................ 4
8. **Одлука** за неодржување на традиционалната културна манифестација „Валандовска ракијада“ 2020 година ................................................................. 4
9. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2019/2020 година .................. 4
10. **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2019/2020 година .......................................................... 4
11. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2019/2020 година ......................................................... 5
12. **Заклучок** за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2019/2020 година ..................................... 5
13. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2019/2020 година ...................................................................... 5
14. **Заклучок** за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2019/2020 година ..................................... 5
15. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ - Валандово за 2020-2021 година ................ 5
16. **Заклучок** за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ - Валандово за 2020-2021 година .................................................................. 6
17. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово во 2021 година ................................................................. 6
18. **Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово во 2021 година ................................ 6
19. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода луња и град што зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 25 јули 2020 година согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2021 година ................................................................. 6

**20. Заклучок** за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода лујња и град што зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 25 јули 2020 година согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2021 година .......................................... 6
**21. Решение** за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово во 2020 година .................................................................. 5
**22. Програма** за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово во 2020 година ....................... 7

---

Врз основа на член 24-а став 1 алинеја 3 и 6 и став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 ), член 16 став 1 алинеја 3 и 6 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово бр.04-895/6-3 од 16.09.2019 година и бр.04-438/3 од 16.09.2019 година, член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** Владимир Павлов се разрешува од директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово поради повреди од член 24-а став 1 алинеја 3 и 6 од Законот за јавните претпријатија и член 16 став 1 алинеја 3 и 6 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

**2.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 23-а став 1 од Законот за јавните претпријатија и член 8 став 1 алинеја 8 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, директорот на јавното претпријатие е должен секои шест месеца да доставува извештај за работата на јавното претпријатие, покрај другите, до градоначалникот на општината.

Поради непочитување на ваквата законска обврска, која согласно член 24-а став 1 алинеја 6 од Законот за јавните претпријатија и член 16 став 1 алинеја 6 од Договорот за уредување на односите со Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, претставува основ за разрешување на директорот, Градоначалникот на Општина Валандово во согласност со став 2 од член 8 од Законот за јавните претпријатија одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-717/1 Градоначалник
10.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19 ), член 50 став 1 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, до изборот на нов директор, **СЕ ИМЕНУВА** Петар Зајков од Валандово со завршено високо образование VII/1 степен, економски факултет.

**2.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради причини од член 24-а став 1 алинеја 3 и 6 од Законот за јавните претпријатија, градоначалникот на Општина Валандово донесе решение за разрешување на директорот на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

При разрешувањето на директорот, согласно член 24-а став 3 од истиот Закон, обврска на градоначалникот е, до изборот на нов директор, во рок од пет дена од донесувањето на одлуката за разрешување, да именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, кој должноста ќе ја извршува не подолго од шест месеци .

Имајќи го тоа во предвид се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-718/1 Градоначалник
10.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2020/2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“

Валандово за учебната 2020/2021 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/3 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 29 став 6 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
**за донесување на Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2020/2021 година**

### Член 1
**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на СОУ „Гоце Делчев“-Валандово за учебната 2020/2021 година, која Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“- Валандово ја има утврдено на седницата одржана на ден 31.08.2020 година.

### Член 2
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/3 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/8 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година**

### Член 1
Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самоф. | Дотац. | Донац. | Кред |
|---|---|---|---|---|---|
| **К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | -450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JM0 ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 482920 Изград на други објект | -450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВА0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 480190 Купув. на друга опрема | 0 | -50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 481230 Реконст.на дел.објекти | 0 | -120.000 | 0 | 0 | 0 |
| **В10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 0 | -170.000 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ и станува составен дел на Буџетот на Општина Валандово за 2020 година.

Бр.08-86/8 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Валандово во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги МСИП 03/2020**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за домашно долгорочно задолжување на Општина Валандово во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги МСИП 03/2020, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/9 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и („Службен весник на РСМ“ бр.244/19) во врска со член 16 став 3 и став 4 алинеја 1 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/2005, 88/2008, 35/11, 139/14 и („Службен весник на РСМ“ бр.98/19), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

**за домашно долгорочно задолжување на Општина Валандово во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги МСИП 03/2020**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово одобрува домашно долгорочно задолжување на Општина Валандово кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под заем со Министерството за финансии на РСМ во рамки на средствата обезбедени врз основа на договорот за заем за Вториот проект за подобрување на општинските услуги (ИБРД-8156МК) финансиран од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска Банка во висина од 3.400.000,00 денари, а со цел финасирање на проект „ Набавка на механизација за подобрување на комуналните услуги во Општина Валандово“, чија проценета вредност е 3.400.000,00 денари.

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општински услуги финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој-Светска банка, под следните услови:

- Рок на отплата: до 12 години, со вклучен грејс период од 3 години;
- Каматна стапка: еднаква на каматната стапка што ја плаќа Република Северна Македонија кон Светска Банка

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/9 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за неодржување на традиционалната културна манифестација „Валандовска ракија̀да“ 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за неодржување на традиционалната културна манифестација „Валандовска ракијада“ 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/12 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

**за неодржување на традиционалната манифестација „Валандовска ракијада“ 2020 година**

**Член 1**

Поради состојбата од пандемијата со корона вирусот COVID-19, традиционалната манифестација „Валандовска ракијада“, 2020 година, нема да се одржи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/12 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2019/2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2019/2020 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/2 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2019/2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2019/2029 година, на кој Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, има дадено согласност на седницата одржана на ден 31.08.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/2 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2019/2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2019/2020 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/4 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“-Валандово за учебната 2019/2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“- Валандово за учебната 2019/2020 година, на кој Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“- Валандово, има дадено согласност на седницата одржана на ден 10.07.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/4 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2019/2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2019/2020 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/5 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2019/2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово во учебната 2019/2020 година, на кој Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово, има дадено согласност на седницата одржана на ден 14.08.2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/5 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ - Валандово за 2020-2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ - Валандово за 2020-2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/6 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на

Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2020-2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2020-2021 година, која Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, ја има утврдено на седницата одржана на ден 24.08.2020 година.

**2.** Решението влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/6 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово во 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишниот план за вработување ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово во 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/7 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2021 година на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување за 2020 година на Јавната општинска установа Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово, бр.01-45/1 од 26.08.2020.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/7 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучоците за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода луња и град што зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 25 јули 2020 година согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВААТ** Заклучоците за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода луња и град што зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 25 јули 2020 година, што Советот на Општина Валандово ги донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/11 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Советот на Општина Валандово, на триесет и деветтата редовна седница одржана на ден 23.09.2020 година, расправаше по Елаборатот за проценети штети од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 25.јули 2020 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, ги донесе следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

**СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за проценети штети од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 25.јули .2020 година, на вкупен износ на утврдени и проценети штети од 7.718,78 иљади денари.

Елаборатот да се достави до сите надлежни инстируции за постапување по истиот.

Заклучоците влегуваат во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-86/11 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово во 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово во 2020 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година.

Бр.09-763/10 Градоначалник
24.09.2020 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 80-а став 1 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 35/18, 64/18, 168/18, и („Сл.весник на РСМ“ бр.244/19 и 18/20), член 22 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 23.09.2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2020 година

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2020 година бр.08-162/8 од 30.12.2019 година, бр.08-34/6 од 29.04.2020 година и бр.08-40/2 од 27.05.2020 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр.16/19, 4/20 и 5/20), се вршат следните измени и дополнувања:

По точка Б-10, се додава нова точка Б-11, која гласи:

„Б-11 На КП 1821/1 КО Јосифово во населено место Калково се дозволува поставување на урбана опрема за оплеменување на просторот со клупи, жардинерии, летниковци и слични содржини“.

**Член 2**

Во точка В-2 зборовите „Б-4 до Б-10“, се заменуваат со зборовите „Б-4 до Б-11“.

**Член 3**

По точка Г-6 зборовите „Б-9, Б-9.1 и Б-10“, се заменуваат зборовите „Б-9, Б-9.1, Б-10 и Б-11“.

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ .

Бр.08-86/10 Совет на Општина Валандово
23.09.2020 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---